Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: 01.09.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0509 | 213/4 | | |

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-65
## Датум: 01.09.2022 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: [redacted], одговорно лице, директор | Телефон: [redacted] | Е-пошта: [redacted] |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | **3. КОНТРОЛЕН** |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 01.09.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 01.09.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Национална установа – [redacted], Скопје | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | [redacted] | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. 57-65 од 26.07.2022 г. и Решение со опомена ИП 1 бр. 57-65 од 26.07.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:


Министерство за култрана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

[redacted], виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на контролниот инспекциски надзор е со цел да се утврди дали Националната установа – Филмски центар „[redacted]“, Скопје **(во натамошниот текст: Вардар филм)**, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението ИП 1 бр. 57-65 од 26.07.2022 г., донесено од инспекторот за култура, а со кое што се опоменува Вардар филм да донесе соодветни одлуки за правото и начинот на користење на службени мобилни телефони, како и за правото и начинот на користење на приватно возило за службени цели, во смисол на документи за материјално-финансиско работење на Установата согласно на член 36 став (6) од Законот за културата.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање контролен инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] директор | [redacted] | [redacted] |

8.)При вонредниот инспекциски надзор присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| [redacted] | Самостоен референт - сметководител |
| | Друг работник за фундус и реквизита |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Управниот одбор на [redacted], на седницата одржана на 09.08.2022 г. донел Одлука за користење на службени мобилни телефони, СИМ картички и утврдување на висината на надоместокот за нивно користење бр.0202-224/3 од 09.08.2022 година. Според Одлуката, на директорот и претседателот на УО им е утврден месечен лимит во износ од 1.000,00 денари, со вклучен ДДВ, додека за соработниците за меѓународна дејност, за административни и архивски работи, за правни работи и јавни набавки е утврден месечен лимит во износ од 799,00 денари, со вклучен ДДВ. Сите трошоци направени над утврдениот месечен лимит, корисниците се должни да ги уплатат на касата на Установата, со вклучен ДДВ.

- Управниот одбор на [redacted], на седницата одржана на 09.08.2022 г. донел и Одлука за користење на приватно возило за службени цели и утврдување на начинот на негово користење бр.0202-224/4 од 09.08.2022 година. Според Одлуката, за возило за службени цели се утврдува

да се користи приватното возило на директорот, а право на користење имаат директорот и лица овластени од негова страна, за службени цели, врз база на патен налог. Според Одлуката, надоместокот на трошоците за нафта треба да се исплаќа од благајната, а висината е утврдена во износ од 30% од цената на литар гориво за секој изминат километар.

Согласно со член 27 став (2) од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл. весник на РМ" бр. 36/1990,...139/2014), надоместокот на трошоци на избраните и именуваните лица за користење автомобил во лична сопственост за службени цели може да изнесува до износот што според еден изминат километар не може да биде поголем од 30% од продажната цена на еден литар гориво за возилото што се користи. Меѓутоа, тоа право го има само избраното лице (директорот) при вршењето на службени потреби, а според горенаведената Одлука право на користење имаат и други лица овластени од негова страна, што не е согласно со одредбите во Законот.

Според Одлуката, произлегува дека приватното возило на директорот се претвара во „службено" возило на Установата, коешто може да го користи секое овластено лице од директорот и тоа за максимален надоместок предвиден во член 27 став (2) од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, којшто износ е неколкукратно поголем од реалните трошоци за потрошено гориво. При надзорот, на директорот му е укажано дека во одделни установи од областа на културата (коишто немаат службено возило), во согласност со „принципите на економично и ефикасно работење", трошоците за користење на приватно возило за службени цели се надоместуваат врз основа на фискални сметки за купено гориво и патен налог или извештај за извршената служебна потреба.

Воедно, при надзорот е констатирано дека од денот на донесувањето на Одлуката за користење на приватно возило за службени цели, до денот на контролниот инспекциски надзор, Вардар филм нема исплатено надоместок за користење на приватното возило на директорот за службени потреби.

**За горе утврдената неправилност, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:**

**- согласно со член 85 став 1 точка 1 од Законот за културата, од страна на инспекторот се УКАЖУВА на субјектот на надзорот, дека е потребно да ја отстрани утврдената неправилност, односно до Управниот одбор да достави предлог - одлука за користење на приватно возило за службени цели, којашто ќе биде во согласност со законските прописи, во рок од 8 дена од денот на составувањето на Записникот, со обврска веднаш по истекот на рокот определен со инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта ([redacted], да го извести инспекторот за преземените активности.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Согласно со укажувањето на инспекторот при контролниот инспекциски надзор, ќе биде изготвена предлог-одлука за


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

користење на приватно возило за службени цели во предвидениот рок и истата ќе биде доставена по електронска пошта до инспекторот, како и до членовите на УО на Вардар филм.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: [redacted] виш инспектор | |
| Датум: | 01.09.2022 г. | Датум: | 01.09.2022 г. |



Министерство за култура
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk